**УДК 316.752:061.23-054.5(497.7)”19”**

**Вања Димитриевски (Македонија)**

# НЕДОСТАТОК НА ПОДДРЖУВАЧКА ОКОЛИНА ЗА КУЛТУРЕН АКТИВИЗАМ

*Апстракт*: Недостатокот на квалитетни културни активности од почетокот на транзиција во Македонија почна да се надополнува со појавата на формално и неформално регистрирани здруженија на граѓани кои преку активности од областа на културата настојуваа да создадат конструктивни системи на вредности. Вредностите што тие ги генерираа образуваа повеќе генерации млади луѓе израснати во општествена транзиција, но не успеаја да се изборат за простор во новосоздаденото пазарно општество. Денес, кога во Македонија се прават обиди да се прогласи официјален крај на периодот на транзиција, се чини дека неолибералните политики ги прегазија граѓанските иницијативи во културата и не оставија простор за исполнување на културните потреби на сите групи граѓани.

*Клучни зборови*: култура, културен активизам, културна политика.

Во 1992 година станав член на една аматерска театарска дружина што се нарекуваше „Металија“[1] и која се пробите ги одржуваше во Домот на градежните работници во центарот на Скопје. Тогаш имав осумнаесет години и тукушто завршив средно училиште. Таа 1992 година беше последна година од постоењето на Металија. Подготвивме една театарска претстава, во режија на професионалниот режисер Мите Гроздановски, настапивме неколку пати на различни сцени, и толку. Останаа убавите спомени од заедничкото дружење и чувството дека сум работел нешто креативно и корисно додека голем дел од моите врсници слободното време го минуваа по кафулиња, пиејќи алкохол или едноставно бесцелно „шуткајќи се“ по скопските улици. Следните години бев сведок, а некогаш и учесник, на повеќе обиди за младинско културно организирање, кои завршија безуспешно или се растурија по краткотрајно функционирање. Иницијативи постоеја, но за земја во транзиција, каква што беше Македонија, изгледаше како секој обид за културен активизам однапред да е осуден на неуспех затоа што во активностите од областа на културата не се забележуваше финансиска исплатливост. Во околности што беа крајно неповолни за изведување непрофитни активности од областа на културата малкумина останаа доследни на идејата и истрајни во напорите за развивање на културата. Некои културни активисти нова надеж добија кон крајот на 90-те години на 20. век, кога со финансиски средства од меѓународни извори поза-

1 Името Металија е невкусна кованица од две имиња, од името на Талија, музата на комедијата, и од името на Металскиот завод – Тито, македонски индустриски гигант од периодот на социјализмот што се распадна во периодот на транзицијата која почна на почетокот на 90-те години на 20. век. Металскиот завод – Тито своевремено бил покровител на театарската дружина „Талија“ и затоа некој се сетил дека со додавање на неговото име на името на театарската дружина ќе му се одаде признание за придонесот, со што се добила кованицата **„МеТалија“.**

брзано почна да се развива граѓанскиот сектор.

Кон крајот на 90-те години на 20. век, како резултат на хуманитарната криза предизвикана од војната меѓу тогашната СР Југославија и Северно-атлантскиот воен сојуз (НАТО), во Македонија почнаа да делуваат многу меѓународни фондации и организации. Присуството на овие организации ја интензивираше појавата на многубројни локални здруженија на граѓани кои се занимаваа со решавање на прашања од интерес за локалните заедници, процес што неколку години претходно го иницираше Институтот отворено општество – Македонија[2]. Во сето мноштво здруженија на граѓани кои се занимаваа со најразновидни активности, меѓу кои се вбројуваат и активностите од обласста на културата, се издвоија неколку здруженија кои со својата квалитетна работа послужија како пример и поттик за нови облици на културно организирање со кои се пополнуваа празнините во културно-забавниот живот во земјата, но и во напорите за културната афирмација на Македонија. До 2004 година здруженијата на граѓани што спроведуваа активности од обласста на културата имаа пристап до многу фондови што во Македонија се слеваа од меѓународни извори. Но, како што дојдоа, овие организации, така почнаа и да си заминуваат, особено по смирувањето на хуманитарната криза и „стабилизацијата“ на Косово, а со тоа се намали финансиската поддршка за здруженијата на граѓани кои во изминатите дваесет години безуспешно се обидуваат да го привлечат вниманието на главните креатори на културната политика во Македонија. Сите меѓународни организации своето заминување го оправдаа со отворањето нови перспективи за Македонија преку Инструментите за претпристапна помош од Европската Унија, (попознати како ИПА фондови), но се покажа дека државните институции, а и повеќето здруженија на граѓани, не располагаат со доволно зрелост и капацитет да ги искористат сите средства достапни преку овие фондови.

За културниот активизам особено е интересен периодот по 2001 година кога беше забележлива појавата на голема разновидност во непрофитните културните активности во Скопје чии творци беа претежно млади луѓе револтирани од пасивноста на буџетските институции од обласста на културата, опортунизмот на поетаблираните здруженија на граѓани, индиферентноста на креаторите на политики кон културните потреби на младите. Тоа беа поединци, неформални групи и здруженија на граѓани кои незадоволни од постоечкото секојдневие и стварноста заглавена во процесот на транзиција, со својот ентузијазам и верба во повисоко цели се обидуваа да ги отворат вратите кон „светот“, да создадат простор за слободна комуникација и соработка меѓу сите луѓе со креативни идеи во Скопје, но и пошироко низ Македонија и светот. Дека делувањето на овие културни активисти не беше бесцелно и бесполезно можеше да се забележи според интересот на публиката, составена претежно од нивни врсници, од која се издвојуваа поединци и групи што го следеа нивниот пример, создавајќи нови облици на културна акција.

## Примери на културен активизам

*Арт Форум*. Мој омилен пример, кој го посочувам на прво место секогаш кога сакам да го истакнам придонесот на културниот активизам во Скопје и во Ма-

2 Подоцна се преименува во Фондација Институт отворено општество – Македонија.

кедонија, е здружението на граѓани „Арт Форум“. Уште при запознавањето со нив, преку еден заеднички проект од 2002 година, ме воодушеви нивниот пристап во работата со деца и млади без родителска грижа и деца и млади во социјално-корективни установи, служејќи се со театарски техники. Сметав, а во подоцнежната соработка со Арт Форум и директно се уверив дека нивната работа бара огромен ентузијазам и огромни количини енергија и трпеливост. Впрочем, низ Арт Форум поминаа многу активисти кои не можеа да го издржат предизвикот на таквиот пристап, особено кога ќе се земе предвид дека за вложениот ентузијазам не добиваа соодветна материјална награда. Дел од резултатите на активностите на Арт Форум се намалување на насилството меѓу штитениците во детските домови и поттикнување на интересот за дополнителна наобразба и промена на пристапот во работата со штитениците кај вработените во домовите, од кои некои важеле за премногу строги и тврдокорни во ставовите. Според сведоштвата на дел од децата и младите што учествуваа во активностите на Арт Форум, како и од личните увиди стекнати преку набљудување со активно учество, театарските вештини имаа непроценливо значаење за изградба на животни вештини кај самите учесници, но предизвикаа и поопширни позитивни структурни промени во односите меѓу штитениците во детските домови и во односот на вработените кон штитениците. И токму кога Арт Форум навистина можеше да се пофали со видливи резултати и кога успеа своите човечки капацитети да ги зајакне со модератори на работилници кои потекнуваа од самите целни групи и кои најдобро ги познаваа околностите во детските домови, организацијата остана без финансиска поддршка. Во 2006 година, кога го направив последното формално интервју со тројца клучни членови на Арт Форум, сите изразуваа подготвеност за понатамошна работа, но забележливо беше разочарувањето од незаинтересираноста на донаторите и јавните институции. Во времето на составување на овој текст, 2011 година, сите членови на Арт Форум се занимаваа со други професионални преокупации и не постоеја никакви неформални активности за поддршка на животните вештини кај децата и младите сместени во детски домови. Средствата и напорите вложени за изградба на организација од таков карактер пропаднаа заради недостаток на интерес за понатамошна поддршка. (Димитриевски 2009: 56-58)

*Младински центар Погон*. „ПОГОН е центар. ПОГОН е идеја. ПОГОН е движење – придвижи се!“ Ова беа клучните зборови со кои основачите и членовите на „Младинскиот центар Погон“ ги повикуваа сите ентузијасти желни за акција, особено младите, преку која ќе изградат „рид од културни вредности“ (Погон 2005: Инфо) Себеси се сметаа за систем од правилно усогласени запчаници ставени во „погон“ чија цел беше креативно искористување на слободното време, производство на креативни идеи, поддршка на уметничкото творештво и заситување на гладта за уметност кај потенцијалната публика. Под закрила на Младинскиот центар Погон беа собрани повеќе млади, но и постари луѓе, кои својата креативност ја изразуваа во активностите на работилниците за стрип, фотографија, графички и веб дизајн. Активностите на Погон почнаа да привлекуваат се поголем број симпатизери и вљубеници во уметноста и успеаја да анимираат многу млади луѓе желни за креативно уметничко изразување. Дополнително, Погон успеа да воспостави соработка и со други здруженија од областа на културата и културни активисти од земјава и од странство. За жал, Погон, како формално регистрирано здружение на граѓани, имаше краток век. Младинскиот центар Погон беше регистриран на почетокот

на 2006 година, но како резултат на многубројни разочарувања, до крајот на истата година замреа сите креативни активности. Едно од најголемите разочарувања со кои се судрија водечките лица од ова здружение се случи летото 2006 година кога и покрај тоа што имаа договор со раководните лица од Народна техника[3] за користење на просториите на оваа организација, беа грубо и без најава исфрлени од тој објект за на нивно место да се всели сегашниот приватен Универзитет за туризам и менаџмент. По ова, во следните месеци следуваа уште низа разочарувања поврзани со започнатите активности за кои, по загубата на планираниот простор, мораа да најдат алтернативен простор за претставување на завршните производи од нивниот труд. По завршувањето на започнатиот проект активностите на Погон замреа.(Димитриевски 2009: 49-56)

*НМП*. НМП беше неформално организирана група од Скопје, составена од млади луѓе кои се занимаваат со култура и уметност или негуваат интерес за културата и уметноста. Формирана е на иницијатива на двајца млади луѓе кои не можеле да ја поднесат пасивноста на своите врсници, културната празнина и недостатокот од активизам. Својата замисла почнале да ја остваруваат преку интернет страницата која сами ја создале, а на која своите творби можеле да ги промовираат сите млади уметници од Македонија. Датумот на публикување на интернет страницата, 8 април 2005 година, се смета за формален датум на основање на НМП, но иницијативата за основање е две години постара од формалниот датум. Со публикувањето на интернет страницата бројот на членови на НМП почнал прогресивно да се зголемува. Кога се запознав со работата на овој културен колектив, есента 2006 година, НМП имаше околу четириесет активни членови и млади уметници што преку НМП ги промовираа своите дела. За НМП беше карактеристично што заради недовербата кон домашните и меѓународните фондации и кон големите стопански претпријатија своите активности ги финансираа од сопствени средства. Јас бев восхитен од нивната идеја и определба за непрофитен културен активизам и афирмација на современите уметности во Македонија, но особено значаен впечаток ми остави сознанието за големата популарност која членовите на НМП ја уживаат меѓу одредени групи млади луѓе во Скопје, што од друга страна им овозможуваше делумно да влијаат на нивното мислење. Слично како и кај други групи со содружнички карактер, главните потешкотии во управувањето на НМП потекнуваа од желбата на повеќето членови да се занимаваат само со креативниот дел од активностите. Во 2006 година, кога се запознав со НМП, сите активности од технички карактер, кои постојат дури и кај неформалните здруженија, беа препуштени само на едно лице кое целиот товар го имаше преземено само затоа што никој друг не сакаше да прифати такви одговорности. Ова веројатно е една од главните причини зошто НМП нема забележано никакви позначајни активности од 2008 година до периодот кога е составен овој текст. (Димитриевски 2009: 46-49)

---

3 Народна техника беше организација унапредување на техничката култура меѓу младите во Скопје, која беше многу активна во периодот на социјализмот. Во нејзини рамки работеа повеќе секции како: моделарство, радио аматерство, сообраќајна култура, фотографија. Има дадено голем придонес за обука на технички кадри меѓу кои има и познати инженери. Во транзицијата не успеа да се прилагоди на новонастанатите еконосмки околности и продолжи да постои само формално. Во нејзините простории во 2006 година се всели новоформираниот приватен Факултет за туризам, сега Универзитет за туризам и менаџмент. (н.з.).

## Неподдржувачка околина за културен активизам

Претходните описи се мал дел од многубројните примери на формални и неформални здруженија културни активисти од Скопје кои во изминатите дваесетина години се обидуваа да направат простор за креативно изразување и генерирање позитивни вредности. Преземајќи одговорност за подобрување на квалитетот на животот во заедницата културните активисти ги развиваа сопствените капацитети, но и капацитетите на заедницата во која делуваа. Нивното делувањето претставуваше мотиврачки фактор за други лица со слични афинитети кои влегуваат во системот на преземање лична одговорност и одговорност за сопственото опкружување со што го помагаат развојот на плурализмот на најосновните нивоа на човековото организирање. А ако се земе предвид дека културниот активизам е тесно поврзан со уметностите, тогаш слободно може да се рече дека делувањето на културните активисти создава можности за: когнитивен развој, унапредување на системите на вредности, подобрување на однесувањето, подобрување на здравствената состојба, подобрување на односите во заедниците, па дури и унапредување на економијата. (McCarthy et al. 2004; McQueen-Thomson et al. 2004) Позитивните предности на практиката за активна вклученост на поединецот, наспроти себичноста, ги истакнува и Марсел Мос (Marcell Mauss) кој нагласува дека граѓанинот „треба да делува водејќи сметка за себе, за подгрупите, за општеството“ (Mos 1982: 198-210).

За жал, културните активисти не успеаја да се снајдат во неолибералните политики на владите што Македонија ја „водеа“ низ процесот на транзиција и покрај тоа што беше очигледно дека имаат потреба од голема поддршка за промовирање на вредностите што ги застапуваа. Сите културни активисти со кои имав можност да разговарам истакнуваа дека една од главните слабости е недостаток на физички простор, објект, културен центар, кој ќе служи како главна логистичка поддршка, вклучувајќи и административно и финансиско раководење, за нивните активности. Многу помалку забелешки се ставаа на незаинтересираноста на националната и локалните власти и финансиски да ги поддржат нивните активности, затоа што беа подготвени да работат со вложување минимални средства, од сопствени извори, но секако дека ќе им беше добродојдена и одредена финансиска поддршка. Всушност, од периодот на социјализмот во Скопје останаа неколку културни центри, но некои од нив се комерцијализирани и не оставаат многу простор за непрофитни активности, други целосно се трансформираа во простори за комерцијална намена, а трети се руинирани или чекаат да се трансформираат. Но, од периодот на социјализмот останаа и повеќе, денес неискористени, објекти кои сè уште се во државна сопственост и кои можат да бидат пренаменети во културни центри, а кои некои културни активисти беа подготвени самостојно, со сопствени средства, да ги опремат и да ги раководат. Културните активисти што ги предводеа овие иницијативи, со взаемна соработка на повеќе формални и неформални здруженија, бараа да им биде доделен некој од постоечките неискористени објекти во Скопје, во државна сопственост, за да формираат нов културен центар кој ќе овозможи логистичка поддршка за слободно креативно изразување. За жал, повеќето иницијативи беа безуспешни, а од нив остана чувство дека културниот активизам не е озбилно сфатен од креаторите на политики. А овозможување простор или простори во кој би се изградил/е културен/ни центар/ри со најразновидни активности од об-

ласта на културата беше најмалку што централната и локалната власт можеа да го направат за поддршка на културниот активизам и секако да го помогнат неговиот опстанок, но, едноставно, не успеаја да ги согледаат предностите на постоењето на таквите облици на културно изразување и не покажаа разбирање за потреби на овие групи граѓани. Од сите иницијативи за изградба на културен центар во Скопје, единствено здружението Контрапункт во 2006 година, со самостојни напоридоби објект, за потребите на Културниот центар „Точка“, во сопственост на Владата на Република Македонија, но тој објект подоцна им беше одземен.

За волја на вистината, Република Македонија има дефинирано законски акти со кои се уредува културната политика на национално и на локално ниво, а со постоечките законски и подзаконски акти е опфатено и делувањето на културните активисти. Така, во членот 47 од Уставот на Република Македонија се вели дека „републиката го поттикнува, помага и штити развојот на науката, уметноста и културата“, додека во членот 115 се нагласува дека „во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите на ..., културата, ... и во други области утврдени со закон. Истиот текст од членот 115 е содржан и во членот 117, со таа разлика што на почетокот наместо текстот „единиците на локалната самоуправа“ стои текстот „градот Скопје“ затоа што, како што е појаснето во истиот член, алинеа 1, „градот Скопје е посебна единица на локална самоуправа, чија организација се уредува со закон“. (Службен весник на РМ 1992: 10; 25; 26) Законот за културата ги следи одредбите од Уставот и во членовите 7 и 8 се нагласува дека дефинирањето на локалните и националните интереси во културата се темели на потребите на граѓаните. Со членот 8, алинеа 3, од истиот закон поконкретно се предвидува „поттикнување на разновидноста и разноличноста во културата“. (Службен весник на РМ 2003: 2–3) „Националната програма за културата за периодот од 2004 до 2008 година се раководи од принципот на демократска распределба и на масовно прифаќање и презентирање не само на националните, туку и на универзалните креативни остварувања. Исто така, таа не само што ќе настојува да го поттикне интересот и да ја придобие потенцијалната публика, туку ќе настојува да ја издигне публиката до креативен субјект во културата и во уметничкото создавање.“ (Министерство за култура 2004) Темелни принципи на Националната програма за културата 2004–2008 се: достапност, разновидност, отвореност, одговорност и флексибилност; а нејзини цели се: децентрализација на културата, искористување на културата како ресурс за развој, заштита и (ре)креирање на културното наследство, поттикнување на современото творештво, со посебен фокус на културните потреби на младите, враќање на дигнитетот на творецот и на творештвото и создавање услови за остварување и заштита на врвни културни вредности, подобрување на менаџментот во културата. Една од стратешките цели на оваа Програма е „соработка со други јавни установи, со приватниот и со невладиниот сектор“, во која, меѓу другото, се истакнува значењето на граѓанскиот сектор, се признава дотогашната маргинализација на овој сектор и се нагласува определбата за воспоставување поинтензивна поддршка за здруженијата на граѓани. (Министерство за култура 2004)

Како што може да се забележи од кратките извадоци од законските акти, улогата и учеството на граѓаните на Република Македонија во креирањето и спроведувањето на културата е загарантирано и предвидено на сите нивоа. Сепак, практиката покажува големи отстапувања од правата предвидени со законските акти. Една од

најголемите слабости е големата моќ за донесување и спроведување на одлуки која е сконцентрирана во функцијата Министер за култура. Втората поголема забелешка се однесува на Националната програма за култура 2004–2008, засега единствена национална програма за култура, која е сфатена како основа за културната политика, но наидува на несогласувања заради одбивањето во нејзиното создавање да се вклучи граѓанскиот сектор, (Simjanovska 2007а: 45–46, Мултимедиа 2005: 24), а заради обидот да ги задоволи потребите на сите субјекти во културата нејзините критичари ја споредуваа повеќе со „список на желби" отколку со вистинска културна политика. Маргинализираниот статус во кој се наоѓаат здруженијата на граѓани се потврдува и во дебатите за културата кои ги има организирано Центарот за изведувачки уметности Мултимедиа, а на кои се дискутира состојба во културата до 2005 година и потребата за јасно дефинирање на културна политика која ќе се темели на потребите на граѓаните. (Мултимедиа 2005) Сепак и покрај законските можности и искрените заложби, културните активисти сè уште не можат да се изборат за поголема поддршка од Министерството за култура на Република Македонија, а новите иницијативи се губат во системи на вредности кои Марсел Мос ги определува како деструктивни и за поединецот и за заедницата (Mos 1982: 198-210).

Се чини дека културните активисти во Македонија на почетокот на втората деценија од 21 век не успеаја да се изборат за право активно да уечествуваат и да ја практикуваат културата на начинот на кој ја дефинирал Клифорд Гирц (Clifford Geertz), како „комплекс на конкретни обрасци на однесување – обичаи, практикување, традиции, кластери на навики, во низа на контролни механизми – планови, рецепти правила, инструкции (она што компјутерските инженери го нарекуваат „програми")", и преку тоа да ѝ овозможат на заедницата самостојно да раководи со сопственото однесување (Гирц 2007: 13-37; 57; 50-51). И кога тоа ќе се поврзе со концентрацијата на моќта за одлучување во Министерот за култура може да се извлече заклучок дека со задушување на правото за активно пректикување на културата граѓаните на Република Македонија се претворени во предмет на инструментализација од страна на централната власт и станаа жртви на „неолибералните политики".

## Користена литература

Димитриевски, Вања (2009), *Менување на општествените вредности низ културен активизам на граѓанските здруженија во Република Македонија*, Магистерски труд одбранет во ноември 2009 година на Институтот за етнологија и антропологија, при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", во ракопис.

Гирц, Клифорд (2007), *Толкување на културите*, Скопје, Магор, 2007.

McCarthy, Kevin F., Ondaatje, Elizabeth H., Zakaras, Laura, Brooks, Arthur (2004), *Gifts of the muse: reframing the debate about the benefits of the arts*, Santa Monica, Arlington, Pittsburgh: RAND Corporation, 2004. http://www.rand.org/content/dam/rand/pubs/monographs/2005/RAND_MG218.pdf (Посетено: 23.11.2011).

McQueen-Thomson, Douglas, James, Paul and Ziguras, Christopher, (2004), *Promoting mental health and wellbeing through community cultural development: A Review of Literature focussing on Community Festivals & Celebrations,* Melbourne: RMIT

University, 2004. http://www.vichealth.vic.gov.au/~/media/ProgramsandProjects/MentalHealthandWellBeing/Publications/Attachments/PromotingMentalHealthCommunityCelebrationsFestivals.ashx (Посетено: 23.11.2011).

Министерство за култура на РМ, (*2004),* Национална програма за културата за периодот 2004-2008*,* Скопје, Министерство за култура, 2004. http://www.kultura.gov.mk/documents/Nacionalnaprogramazakultura.htm *(Посетено: 11.10.2008).*

Mos, Marsel (1982), "Ogled o daru", во: *Sociologija i antropologija II*, 7–223. Prosveta, Beograd.

Мултимедиа, Центар за изведувачки уметности (2005), *Дебати за културата*, Граѓанска иницијатива, Скопје: ЦИУ Мултимедиа, 2005.

Simjanovska, Violeta (2007а.), *Strategy for Cultural Development of City of Bitola as Instrument of The Local Cultural Policy*, Interdisciplinary postgraduate studies, Cultural Management and Cultural Policy, Master thesis, Belgrade: University of Arts in Belgrade, 2007.

Simjanovska, Violeta (2007б), *Opus građanskog kulturnog sektora u Republici Makedoniji*, Kulturpunkt, 2007, http://www.kulturpunkt.hr/i/kultrapunkt/9/ (Посетено: 02.05.2009).

Закон за култура (2003), Пречистен текст, Службен весник на Р. Македонија 66/03, Скопје.

Устав на Република Македонија (1992), Службен весник на Р. Македонија 52/92. Скопје: http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/ustav_na_RM.pdf (Посетено: 10.06.2009).